БАС
Бизнис Академија Смилевски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
БИЗНИС АКАДЕМИЈА СМИЛЕВСКИ-БАС
Бр. 0204-222/1
06.09 2017 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 31 од Статутот на Бизнис академија Смилевски - БАС , а во врска со член 9 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. весник на Р. Македонија бр. 13/06, 86/08, 6/10, 42/14, 148/15 и 55/16), в.д. Генералниот менаџер на Академијата на ден 06.09.2017 година ја донесе следнава

## ОДЛУКА

**за утврдување на листа на информации од јавен карактер од надлежност на Бизнис академија Смилевски – БАС**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува листа на информации од јавен карактер кој ги создал и со кој располага Приватната самостојна високообразовна установа висока стручна школа Бизнис академија Смилевски – БАС, во остварувањето на своите надлежности утврдени со закон и тоа:

- Основни податоци за контакт со имателот на информацијата – достапни на интернет страницата www.bas.edu.mk ;
    - Службени лица за контакт;
    - Контакт телефони;
    - E-mail;
- Органи и тела на Академијата – достапни на интернет страницата www.bas.edu.mk ;
- Стручна служба – достапни на интернет страницата www.bas.edu.mk ;
- Соопштение за јавноста за тековни активности – достапно на огласната табла во седиштето на БАС во Скопје и во одделението за дисперзирани студии на БАС во Битола, како и на интернет страницата www.bas.edu.mk ;
- Извештаи за студентите – достапни во извештаите од Заводот за статистика и на Академијата;
- Студиски и предметни програми за прв циклус на студии – достапни во Водичот за студенти на прв циклус на студии на образовниот портал www.portal.bas.edu.mk , студиската програма за прв циклус на студии е исто така достапна и на интернет страницата www.bas.edu.mk ;
- Студиски и предметни програми за втор циклус на студии – достапни во Водичот за студенти на прв циклус на студии на образовниот портал www.portal.bas.edu.mk , студиската програма за втор циклус на студии е исто така достапна и на интернет страницата www.bas.edu.mk ;
- Распоред на настава – достапни на огласната табла во седиштето на БАС во Скопје и во одделението за дисперзирани студии на БАС во Битола, како и на образовниот портал www.portal.bas.edu.mk ;
- Теренска студентска практика – достапна на образовниот портал www.portal.bas.edu.mk ;
- Регистар на наставен и соработнички кадар – достапен на интернет страницата www.bas.edu.mk ;

- Библиотека – достапна кај стручната и административната служба на академијата и на образовниот портал www.portal.bas.edu.mk ;
- Рецензии за избори во звања и учебници – достапни на интернет страницата www.bas.edu.mk ;
- Научно-истражувачка и апликативна дејност – достапни на интернет страницата www.bas.edu.mk ;
- Издавачка дејност – достапни на интернет страницата www.bas.edu.mk ;
- Договори за меѓународна соработка – достапни на интернет страницата www.bas.edu.mk ;
- Законски и подзаконски акти на Академијата – достапни на интернет страницата www.bas.edu.mk и на образовниот портал www.portal.bas.edu.mk ;

**Член 2**

Заштитени со правото за слободен пристап до информациите се сите лични податоци согласно Законот за заштита на личните податоци, податоците од тековните финансиски активности по сите основи и сите информации утврдени како исклучок од слободен пристап на информации со член 6 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. весник на Р. Македонија бр. 13/06, 86/08, 6/10, 42/14, 148/15 и 55/16).

**Член 3**

Листата на информации од јавен карактер се објавува на веб страната на Академијата.

**Член 4**

Службеното лице за посредување со информации при остварување на правото за слободен пристап на информации од јавен карактер со кои располага Академијата е Наташа Коцевска, МБА.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * СКОПЈЕ *

**В.д. Генерален менаџер**

**Виш пред. д-р Даниела Карадаков**